Број на Службен весник: 19/2014
Датум на објавување: 29.01.2014

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2012, 145/2012, 87/2013 и 164/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.01.2014 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА РЕТКИ БОЛЕСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2014 година со терапија и лекови кои досега се применувани во лекување на некој од ретките болести се очекува за 2014 година ќе бидат потребни средства во вкупен износ од 80.000.000,00 денари.

Реден број	Активности	Вкупен износ
1.	Лекување на лица со ретки болести без разлика на статусот на осигурување	80.000.000,00
	ВКУПНО:	80.000.000,00

ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 80.000.000,00 денари кои се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2014 година.

ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Лековите за терапија на лицата заболени од ретки болести ќе ги набавува Министерството за здравство врз основа на јавна објава, а дистрибуирањето до јавните здравствени установи извршители на активностите, врз основа на доставена потреба за спроведување на терапијата, ќе ги обезбедуваат добавувачите кои ќе бидат избрани како најповолни на јавниот повик, јавните
здравствените установи, извршители на лекувањето задолжително ќе водат евиденција за пациентите и дадената терапија.

СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Министерството за здравство го следи спроведувањето на оваа програма и по потреба поднесува извештај до Владата на Република Македонија.

ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Јавните здравствените установи кои се извршители на оваа програма, најдоцна до 31.01.2015 година да достават до Министерството за здравство годишни извештаи за реализираните мерки и активности во 2014 година, предвидени со оваа програма. Оваа програма влегува во

сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-10752/1-13
8 јануари 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р Зоран Ставрески, с.р.